РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

април, 2015 година

# СОДРЖИНА

Резиме ....... 2

I. Реален сектор

Инфлација ....... 3

Индустриско производство ....... 4

Број на работници во индустријата ....... 5

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....... 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....... 6

Берзански цени ....... 7

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ....... 8

Увоз ....... 9

Салдо на трговска размена ....... 9

Валутна структура ....... 10

3. Фискален сектор

Буџетски приходи ....... 11

Буџетски расходи ....... 12

Буџетско салдо ....... 13

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ....... 13

Плати ....... 14

Пензии ....... 15

5. Монетарен сектор

Примарни пари ....... 15

Депозитен потенцијал ....... 15

Кредити на банките ....... 17

Каматни стапки на депозитни банки ....... 17

Пазар на капитал ....... 17

Девизни резерви ....... 18

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

април, 2015 година

- Индустриското производство во април 2015 година во споредба со април 2014 година забележа пад од 0,9%;

- Годишната стапка на инфлација во април 2015 година изнесува 0,1%, со што за првпат годинава бележи позитивни стапки на раст;

- Извозот во периодот јануари - април 2015 година забележа раст од 9,6%, а увозот бележи раст од 4,8%, што резултираше со стеснување на трговскиот дефицит за 6,2% споредено со истиот период минатата година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари-април 2015 година изнесуваа 52.162 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 14,6% во однос на истиот период од 2014 година. Вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 58.455 милиони денари, што е за 1,1% повеќе во однос на 2014 година;

- Вкупните кредити забележаа раст од 10,2% на годишна основа, а вкупниот депозитен потенцијал на банките регистрираше раст од 9,5%.

## Индустриско производство

Индустриското производство во април 2015 година забележа благ пад од 0,9% на годишна основа, по последователниот раст во изминатите 19 месеци. Падот најмногу се должи на намалувањето на производството во секторот Преработувачка индустрија од 1,1%, со придонес во вкупниот пад на индустриското производство од 0,9 процентни поени. Висок раст на производството од 10,1% е забележан во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација, додека секторот Рударство и вадење камен забележа пад од 5,3%, најмногу како резултат на намаленото производство во гранката Вадење  други руди и камен од 24,3%.







* Пад од 100% е забележан во категоријата Производство на кокс и рафинирани нафтени производи.

Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во април 2015 година има Производството на машини и уреди (2,2 п.п.) со раст од 36,1%, а најголем негативен придонес има Производството на тутунски производи (1,6 п.п.) со пад од 37,5%.

Податоците за индустриското производство по наменски групи во април 2015 година во однос на април 2014 година покажуваат зголемување на производството кај групите: Капитални производи од 9%, Трајни производи за широка

потрошувачка од 8,9% и Енергија од 5,9%. Пад е забележан во групите: Нетрајни производи за широка потрошувачка од 5,7% и Интермедијарни производи, освен енергија од 0,7%.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во април 2015 година забележа раст од 1,6%. Растот се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 2,4%, додека намалување на бројот е забележан во останатите два сектора: Рударство и вадење камен од 4,5% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 3%.




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во април 2015 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи за 18,4%, Интермедијарни производи, освен енергија за 3,2% и Трајни производи за широка потрошувачка за 1,5%, додека пад е регистиран кај групите Енергија од 4,5% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,2%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во април 2015 година е поповолна во однос на претходниот месец, како и во однос на истиот период претходната година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во април 2015 година изнесува 63,0%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец кога изнесуваше 62,6%. Во споредба со април 2014 година, искористеноста на капацитетите е повисока за 1,5 п.п..

Во април 2015 година, согласно со оценката на раководителите на деловните субјекти, како фактори кои имаа најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството се посочени следниве: недоволната странска побарувачка со 25,3%, недостигот на квалификувана работна сила со 25,3%, недоволната домашна побарувачка со 24,0%, финансиските проблеми со 5,8%, како и неизвесното економско окружување и конкурентниот увоз, соодветно со 4,7%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во април 2015 година во однос на март 2015 година е поповолна, исто како и состојбата со залихите на готови производи и очекувањата за обемот на производство во наредните три месеци.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите




Во април 2015 година се издадени 210 одобренија за градење, што претставува зголемување од 2,4% во однос на истиот месец претходната година. Вкупниот број издадени одобренија за градење е намален за 11,8% во однос на март 2015 година, кога беа издадени 238 одобренија. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во април е намалена за 80,0% во однос на истиот период претходната година. Во однос на претходниот месец, вредноста на објектите бележи намалување за 34,7%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 127 (или 60,5%) се наменети за објекти од високоградба, 42 (или 20,0%) за објекти од нискоградба и 41 (или 19,5%) за објекти за реконструкција.




Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 210 издадени одобренија за градба, за 115 (или 54,8%) објекти како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 95 објекти (или 45,2%) инвеститори се деловни субјекти. Во април 2015 година предвидена е изградба на 412 стана, со вкупна корисна површина од 30.939 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е намален за 2,4% во однос на истиот месец 2014 година, а во однос на март 2015 година е намален за 15,4%.

## Инфлација

Годишната стапка на инфлација во април 2015 година изнесува 0,1%, со што за прв пат годинава потрошувачките цени бележат зголемување. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари-април 2015 година изнесува -0,7%.

Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во април забележа годишен раст од 0,7%, при што зголемувањето на цените е највисоко во поткатегоријата Зеленчук од 10,9%. Најголем раст на цените е забележан во категориите Алкохолни пијалаци и тутун од 5,7% и Здравје од 3,7%. Највисок годишен пад на цените во




април е регистриран во категоријата Транспорт од 8,0%, следен од падот на цените во категориите Комуникации од 5,5% и Рекреација и култура од 2,1%. Потрошувачките цени во април 2015 година регистрираа зголемување од 0,4% во однос на претходниот месец. Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци забележаа раст од 0,5%, што главно се должи на растот на цените во поткатегориите Зеленчук и Овошје. Позначителен пораст на цените во април е регистриран во категориите Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1,2%, Облека и обувки и Здравје од 0,7%. Во април, пад на потрошувачките цени на месечно ниво е регистриран во категориите: Комуникации од 0,3%, Рекреација и култура од 0,2% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,1%.




Цените на мало во април 2015 година во однос на истиот месец претходната година се намалени за 0,9%. Споредено со претходниот месец, цените на мало се пониски за 0,1%. Просечниот раст на цените на мало во периодот јануари-април 2015 година изнесува -2,3%.

## Берзански цени

Во април 2015 година цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи забележа раст од 6,5% во однос на претходниот месец и достигна цена од 59,4 долари за барел. Споредено со истиот месец минатата година, цената на нафтата е пониска за 44,9%. Цената на природниот гас во април се намали за 8,6% на месечна основа.




Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, во април 2015 година се тргуваше со просечна цена од 12.831 долар за еден метрички тон ($/мт), што претставува месечен пад на цената од 6,7%. Споредено со април 2014 година, цената на никелот е пониска за 26,1%. Покрај никелот, месечен пад на цената во април забележа и калајот од 8,7%, додека кај останатите основни метали се забележува месечно зголемување на цената. Така, цената на оловото се зголеми за 11,9%, на цинкот за 9,1%, на алуминиумот за 2,6% и на бакарот за 1,7%. Цената на железната руда во април забележа месечен пад од 10,3%. Благородните метали во април забележаа месечно зголемување на цената, односно цената на златото забележа раст од 1,7%, на платината од 1,1% и на среброто од 0,6%.




Анализирано на месечна основа, во април 2015 година цената на пченицата на светските берзи се намали за 3,2%, а на пченката за 1,2%. Цената на јагнешкото месо во април забележа месечно намалување од 0,7%.

# НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешно - трговска размена во првите четири месеци од 2015 година изнесува 3016,3 милиони евра, што претставува раст од 7,5% во однос на истиот период минатата година.




Во периодот јануари – април 2015 година, најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 68,6%, што претставува намалување од 1,1 п.п. во однос на истиот период претходната година.

## Извоз

Во периодот јануари - април 2015 година, вредноста на извезените стоки изнесува 1215,5 милиони евра и бележи раст од 9,6% (106,0 милиони евра) во однос на истиот период од 2014 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 12,0%.

Во април 2015 година вредноста на извезените стоки изнесува 285,6 милиони евра и бележи пад од 3,2% (9,6 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намалил за 9,9%.

Анализирано на месечно ниво, во април 2015 година извозот бележи пад од 15,8% (53,5 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозоттој регистрира месечен пад од 11,5% .






Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - април 2015 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун, како и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 55,3% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – април 2015 година споредено со истиот период од 2014 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕФТА, Северноамериканска зона на слободна трговија и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион, додека пад има кај групациите: ЕУ 28, Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 28 бележи пад од 13,5% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан пад од 23,0%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 77,0% и 11,3% соодветно.

## Увоз

Во периодот јануари - април 2015 година вредноста на увезените стоки изнесува 1800,8 милиони евра и бележи раст од 6,2% (104,7 милиони евра) во однос на истиот период од 2014 година, а физичкиот обем на увозот раст од 0,9%.




Вредноста на увозот во април 2015 година изнесува 493,0 милиони евра, што претставува зголемување за 8,2% (37,2 милиони евра) во однос на истиот месец од 2014 година, а увезените количини стоки се зголемени за 8,5%.

Анализирано на месечно ниво, во април 2015 година увозот бележи пад од 7,6% (40,6 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен пад од 13,6%.

Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи.

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2014 | I - IV - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 32,7 | 15,2 | -17,5 | -53,5 |
| Мил. ЕУР | 13,9 | 8,4 | -5,6 | -39,9 |
| Мил.$ | 19,2 | 9,3 | -9,8 | -51,2 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2014 | I - IV - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 294,7 | 287,3 | -7,4 | -2,5 |
| Мил. ЕУР | 168,0 | 126,5 | -41,4 | -24,7 |
| Мил.$ | 230,7 | 140,5 | -90,2 | -39,1 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2014 | I - IV - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 4,6 | 6,3 | 1,7 | 37,6 |
| Мил. ЕУР | 195,7 | 223,4 | 27,7 | 14,2 |
| Мил.$ | 269,0 | 247,6 | -21,3 | -7,9 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2014 | I - IV - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 9,7 | 9,8 | 0,0 | 0,3 |
| Мил. ЕУР | 28,0 | 37,8 | 9,8 | 35,0 |
| Мил.$ | 38,6 | 41,8 | 3,2 | 8,4 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2014 | I - IV - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 188,0 | 186,8 | -1,3 | -0,7 |
| Мил. ЕУР | 179,9 | 182,7 | 2,8 | 1,6 |
| Мил.$ | 246,9 | 202,5 | -44,4 | -18,0 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2014 | I - IV - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 172,6 | 202,9 | 30,3 | 17,5 |
| Мил. ЕУР | 84,8 | 97,3 | 12,5 | 14,7 |
| Мил.$ | 116,5 | 107,7 | -8,9 | -7,6 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите четири месеци од 2015 година трговскиот дефицит се намали за 0,2% односно 1,3 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во април 2015 година, трговскиот дефицит се прошири за 29,1% односно 46,8 милиони евра споредено со април минатата година.




Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: стеснетото негативно салдо во размената со горива и мазива, стоки за инвестиции без транспортна опрема и транспортна опрема, додека во спротивна насока дејствуваше проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки, храна и пијалаци и стоки за широка потрошувачка.

Во периодот јануари – април 2015 година 80,9% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Србија, Грција и Русија, а потоа следуваат: Турција, Кина, Италија, Романија, Австрија, Словенија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 81,8% од трговската размена во периодот јануари - април 2015 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2014 година претставува зголемување од 5,7 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 86,8% и 78,5%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е намалена за 0,4 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 9,6 п.п во однос на периодот јануари – април 2014 година.

| Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| увоз | I - IV - 2014 | | | | | I - IV - 2015 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 997,1 | 1.168.238.935 | 61,6586 | 72.031.977.219 | 68,9 | 1.009,1 | 1.408.862.653 | 61,5629 | 86.733.670.610 | 78,5 | 240.623.717 | 20,6 |
| УСД | 831,2 | 458.713.484 | 44,9176 | 20.604.308.779 | 19,7 | 835,2 | 406.992.579 | 55,1873 | 22.460.821.539 | 20,3 | -51.720.905 | -11,3 |
| ГБП | 1,5 | 147.729.160 | 74,5263 | 11.009.707.695 | 10,5 | 2,2 | 6.498.841 | 83,3579 | 541.729.712 | 0,5 | -141.230.319 | -95,6 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 1.829,8 | | | 103.645.993.694 | 88,6 | 1.846,6 | | | 109.736.221.860 | 99,3 | | |
| вк извоз: | 1.833,2 | | | 104.527.208.031 | 100,0 | 1.849,7 | | | 110.485.919.179 | 100,0 | | 5,7 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# *ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - април 2015 година изнесуваа 52.162 милиони денари, односно 9,4% од БДП, што претставува поголемо остварување за 14,6% во однос на истиот период од 2014 година.




Даночните приходи за првите четири месеци изнесуваат 30.595 милиони денари, односно 5,5% од БДП и во однос на истиот период од 2014 година се зголемени за 19,5%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 12.797 милиони денари, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој период е доминантно и изнесува 41,8%. Акцизите се остварени во износ од 6.034 милиони денари (учество од 19,7% во даночните приходи). Така, од овие два индиректни данока во овој период се остварени приходи од 18.831 милиони денари, што претставува 61,5% од вкупните даночни приходи (3,4% од БДП). Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 19.170 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат од 6.373 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 0,1%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 16,5% споредено со истиот период од 2014 година).

Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува пад од 2,7%, додека ДДВ од прометот во земјата забележува раст од 6,7%, учеството на ДДВ донациите е незначително (0,5%) и забележува помало остварување за 63,1%. Набљудувано по одделни категории даноци, приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 4.090 милиони денари и забележуваат раст од 7,8% на годишна основа, при што околу 2/3, односно 65,6% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 8,3% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 5,7% по основ на договор на дело, 5,5% од

приходи од капитал и 4,1% од приходи од имот и имотни права. Споредено со истиот период од 2014 година, приходите од данокот од добивка во износ од 6.127 милиони денари забележаа, како и претходниот кумулатив за првите три месеци, рекордно зголемување од 3,2 пати, што се должи пред сè на данокот наплатен по основ на даночни биланси со учество од 69,6% во вкупниот данок на добивка, по месечни аконтации со 19,8% и од исплатена дивиденда и друга распределба од добивката со 6,0%.

Приходите од ДДВ забележаа намалување од 6,4%, додека акцизите забележаа зголемување од 35,4%. Приходите од царина беа остварени во износ од 1.342 милиони денари и забележаа намалување од 5,9%. Приходите од други даноци со остварен износ од 205 милиони денари забележаа пад од 43,5%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 4.205 милиони денари и во однос на истиот период од 2014 година забележаа раст од 20,0% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.). Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се оствария во износ од 420 милиони денари, што претставува намалување од 63,4% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се оствариja во износ од 1.087 милиони денари, односно повеќе за 59,4% во однос на истиот период лани.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 15.164 милиони денари, што е за 8,6% повеќе споредено со истиот период од 2014 година, при што зголемување на наплатата се забележува кај придонесите од пензиско и инвалидско осигурување од 8,4%, кај придонесите за здравствено осигурување 9,1% и кај придонесите за вработување од 9,1%.

## Буџетски расходи

Вкупните расходи на Буџетот во првите четири месеци од 2015 година изнесуваа 58.455 милиони денари, односно 10,6% од БДП, што е за 1,1% повеќе во однос на 2014 година.

Тековните расходи во износ од 53.038 милиони денари се зголемени за 2,4% во однос на истиот период од 2014 година. Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 37.569 милиони денари и учествуваа со 64,3% во вкупните расходи.

Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 8.011 милиони денари, така што нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,7%, а во однос на 2014 година се зголемени за 5,5%. Расходите за стоки и услуги изнесуваа 5.814 милиони денари, со учество од 9,9% во вкупните расходи и споредено со истиот период од 2014 година се реализирани за 2,5% помалку.

Социјалните трансфери изнесуваа 27.029 милиони денари и забележаа раст од 6,1% споредено со истиот период од 2014 година и учествуваа со 46,2% во вкупните

расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, со износ од 16.513 милиони денари, со реализација која е зголемена за 4,8%, споредено со истиот период од 2014 година, и  учество од 28,2% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 17,3%, односно забележаа намалување од 8,1%, споредено со истиот период од 2014 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 4.919 милиони денари, беа реализирани за 2,9% повеќе во однос на истиот период претходната година.

Каматите се реализирани во износ од 1.644 милиони денари, што е за 12,7% повеќе во споредба со истиот период од 2014 година. Ваквото остварување е поради исплата на доспеани обврски за камати од задолжување во земјата и во странство. Трошоците за камати од домашно задолжување беа зголемени за 17,3%, додека за странство за 8,2%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 5.417 милиони денари со структурно учество од 9,3% во вкупните расходи (1,0% учество во БДП).

### Буџетско салдо

Во периодот јануари-април 2015 година во Буџетот на Република Македонија е остварен дефицит од 6.293 милиони денари, додека дефицитот на Централниот буџет изнесува 5.303 милиони денари.

## *СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

### Новвработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во април 2015 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 60.158 нови засновани работни односи. Вкупниот број новвработени во овој период е поголем за 4,1% во однос на април 2014 година. Од вкупниот број новвработени, 50,2% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи, 24,5% се од евиденцијата на невработени.






Вкупниот број невработени лица изнесува 223.427, од кои 125.605 се активни баратели на работа, а 97.822 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец лани, вкупниот број невработени лица е поголем за 2,1%.

Најголем дел од невработените лица (69,4%) се градско население, а 60,2% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 54,9% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 30,0% се со завршено средно образование, додека 15,1% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 53,9% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 36,8% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 10,5% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати




Просечната номинална нето-плата во март 2015 година оствари годишен раст од 1,9%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,4%. Најголем раст на просечната нето – плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (9,4%), Други услужни дејности (7,1%) и Дејности на здравствена и социјална заштита (5,5%). Реалните плати во март забележаа годишен раст од 2,2%.




Просечната номинална бруто-плата во март 2015 година оствари годишен раст од 2,3%, а во однос на претходниот месец таа е повисока за 1,1%. Најистакнат раст на просечната бруто - плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (9,0%), Други услужни дејности (7,3%) и

Финансиски дејности и дејности на осигурување (6,3%). Реалната бруто плата забележа годишен раст од 2,6%. Процентот на вработени кои не примиле плата во март 2015 година изнесува 1,1% и е за 0,3 п.п. понизок во однос на истиот месец претходната година, а за 0,4 п.п. понизок во однос на февруари 2015 година.

## Пензии

Во април 2015 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 296.529 пензионери, што претставува зголемување од 1,6% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е помал за 694 лица. Од вкупниот број пензионери, 59,8% се корисници на старосна пензија, 25,9% на семејна пензија и 14,3% на инвалидска пензија.




Просечната пензија во април 2015 година изнесува 12.432 денари што на годишно ниво претставува зголемување од 0,1%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во март 2015 година (последни расположливи податоци) изнесува 58,2%. Просечната старосна пензија во април изнесува 13.840 денари и е за 0,3% пониска од истиот период лани. Просечната инвалидска пензија изнесува 11.180 денари и е непроменета во однос на минатата година, додека просечната семејна пензија изнесува 9.843 денари и е пониска за 0,1% во однос на април минатата година. За исплата на пензиите во април 2015 година се потрошени 3.583,29 милиони денари, што претставува 50,8% од вкупните социјални трансфери.

# *МОНЕТАРЕН СЕКТОР*

Во април 2015 година, Народна банка на Република Македонија, во услови на стабилни движења, одлучи да ја задржи каматната стапка на благајничките записи на нивото од 3,25%. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.



## Примарни пари

Во април 2015 година примарните пари[1] регистрираа раст од 8,6% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек од 12,1%, додека вкупните ликвидни средства на банките регистрираа раст од 5,3%.

На месечно ниво, примарните пари забележаа раст од 1,9%, при раст на вкупните ликвидни средства на банките од 2,0% и на готовите пари во оптек од 1,7%.

## Депозитен потенцијал

Во текот на април вкупните депозити на банките регистрираа раст од 0,7% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека, депозитите на приватните

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | 289083 | 0,7 | 9,5 |
| Денари | 170120 | 1,1 | 13,1 |
| Странска валута | 118963 | 0,0 | 4,8 |
| Краткорочен | 148041 | -0,1 | 1,9 |
| Долгорочен | 79584 | 0,2 | 15,8 |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | 260423 | 0,8 | 10,2 |
| Денари | 203751 | 1,4 | 11,6 |
| Странска валута | 56672 | -1,2 | 5,6 |

Извор: НБРМ

претпријатија забележаа раст од 1,3%, а депозитите на домаќинствата раст од 0,3% во однос на претходниот месец. Од аспект на валутата, депозитите во домашна валута забележаа раст од 1,1%, а депозитите во странска валута останаа непроменети во споредба со претходниот месец.

Вкупниот депозитен потенцијал во април 2015 година оствари раст од 9,5% на годишна основа. Анализирано според валутата, растот беше доминантно воден од зголемувањето на депозитите во домашна валута од 13,1%, а истовремено депозитите во странска валута се зголемија за 4,8%. Од аспект на секторот, депозитите на домаќинствата овој




[1]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

месец бележат раст од 7,5%, додека депозитите на претпријатијата се зголемија за 15,0%. Според рочноста, долгорочните депозити бележат раст од 15,8%, додека краткорочните депозити се зголемија за 1,9%. Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 58,8%.

## Кредити на банките

Во април 2015 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор забележаа раст од 0,8% на месечна основа. Секторската анализа укажува дека кредитите кон домаќинствата во април остварија раст од 1,1%, како и кредитите кон претпријатијата кои регистрираа раст од 0,6%. Од аспект на валутата, во април 2015 година денарските кредити се зголемија за 1,4%, а девизните кредити забележаа пад од 1,2% во однос на минатиот месец.

На годишна основа, во април 2015 година вкупните кредити се зголемија за 10,2%, во услови на раст на кредитите кон претпријатијата од 8,6% и на кредитите кон домаќинствата од 12,3%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 11,6% а кредитите во странска валута регистрираа раст од 5,6%. Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 10,2%, а краткорочните кредити се повисоки за 9,8%.




## Каматни стапки на депозитни банки

Во април 2015 година каматните стапки бележат надолни поместувања на месечна основа. Имено, вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 6,9%[2] и остана непроменета во споредба со минатиот месец. Каматната стапка на денарските кредити е исто така непроменета и изнесува 7,2%, додека каматната стапка на девизните кредити е намалена за 0,1 п.п. и изнесува 5,9%. Вкупната каматна стапка на депозитите е намалена од 2,4% во март на 2,2% во април. Каматната стапка на денарските депозити е намалена за 0,1 п.п. и изнесува 3,0%, додека каматната стапка на девизните депозити е непроменета и изнесува 1,4%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во април 2015 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад на месечно ниво односно се намали за 9,9%, што е резултат на падот на прометот од класичното тргување за 5,0%. Во април не е регистриран промет од блок трансакции.

[2] Започнувајќи од јануари 2015 година, НБРМ ја промени методологијата на пресметување на каматните стапки. Овие промени во статистиката на каматните стапки произлегуваат од целосното приспособување кон европските стандарди.

Вкупниот промет на берзата во април изнесуваше 165 милиони денари што претставува раст од 12,6% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во април 2015 година изнесуваше 1.699,82 индексни поени, што претставува пад од 3,2% на месечно ниво, додека во однос на истиот период претходната година индексот е повисок за 1,0%.



График 4.3 Вкупен промет на берза и МБИ 10; Извор: Македонска берза

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на април 2015 година изнесуваа 2.344,3 милиони евра и во однос на претходниот месец се пониски за 10,5 милиони евра, додека во однос на април минатата година се зголемени за 445,1 милиони евра.

Министерство за финансии

Сектор за макроекономска политика

„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје

www.finance.gov.mk